Образец - област Заштита на здравјето

| |
|---|
| До:<br>Елизабета Божиноска, Членка и Андреј Сених, заменик-член на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество, во областа на Заштита на здравјето |
| ХЕМА-ОНКО Здружение посветено на пациенти со рак и нивни негуватели |
| Датум: 05.05.2025 |
| Предмет: Барање за промени во законот на тендерска постапка за набавка на лекови |
| Образложение: Како здружение на пациенти со рак, особено сме загрижени и засегнати од ненавремените тендерски набавки на лекови (клиничката листа за лекови) кои живот значат за пациентите кои се лекуваат од рак и од нивното неблаговремено релизирање, одолговлекување и долги и неефикасни административни процедури.<br>Сето ова подеднакво и генерално се однесува за сите останати пациенти чие здравје и живот зависат од редовните тендерски набавки на лекови.<br>Како пример ќе ја посочоиме последната тендерска набавка на ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија, која се соочи со неуспешна и ненавремена реализација, иако сите тендерски документи беа уредно подготвени и аплицирани на време. |
| Предлог акции:<br><br>Бараме поефикасна тендерска набака на лекови кои се користат за лекување на пациентите со рак кои се лекуваат на клиниките, но и на оние пациенти кои одат на редовни контроли и имаат потреба од континуирана терапија.<br>Навремено реализирање, олеснување и поедноставување на тендерските процедури ќе значи огромен бенефит на лицата со рак кои не можат да чекаат на ненавремена и загрижувачки неефикасна набавка на терапии која со години се провлекува и за жал ништо не се превзема за решавање на овој проблем.<br>Нашето барање ја содржи и потребата од можна и неопходна промена на законските регулативи кои се однесуваат на оваа постапка, заради нејзино поедноставување и поефикасно спроведување. |
| Придружни документи: |

| |
|---|
| Друго: |